# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА (МППС)

## 2015

*Македонска платформа против сиромаштија*

*ул. Призренска бр. 50/2, 1000 Скопје, Македонија*

*info@mpps.org.mk, www.mpps.org.mk*

## *Визија*

Визијата на МППС е општество на благосостојба, недискриминација, развој и мир.

*МИСИЈА*

*Мисијата на МППС е унапредување на принципите на еднаквост, солидарност, недискриминација, промоција и заштита на човековите права и*

*СТРУКТУРА НА МППС*

- *Собрание*
- *Претседател*
- *Извршен одбор*
- *Надзорен одбор*
- *Секретаријат*
- *Работни програми*

*ЦЕЛИ НА МППС*

- *Да придонесува кон намалување на сиромаштијата и поттикнување на социјалната вклученост.*
- *Развивање на културните, економските, социјалните и други општествени вредности.*
- *Развивање силна мрежа во борбата против сиромаштијата.*
- *Работа со сиромашни заедници и нивно зајакнување.*
- *Промоција на недискриминација и еднаквост за сите.*
- *Унапредување на партиципативната демократија.*
- *Застапување, лобирање и влијание врз јавните политики и стратегии од областа на социјалната заштита, здравствената заштита, вработувањето, сиромаштијата, социјалното вклучување, човековите права и недискриминацијата.*
- *Подигање на свеста кај општата и стручна јавност за прашања поврзани со сиромаштијата и социјалната исклученост Вклучување на МППС во развиените мрежи за борба против сиромаштијата, на регионално и на европско ниво.*
- *Вклучување на сиромашните, маргинализираните, ранливите и на дискриминираните заедници во сите процеси и нивоа на одлучување што ги засегаат нив.*
- *Зајакнување на капацитетите на членките на МППС*
- *Спроведување истражувања и анализи на полето на сиромаштијата, човековите права, социјалното вклучување, (не)дискриминацијата, здравствената заштита, вработувањето, образованието, како и предлагање мерки за надминување на утврдените проблеми.*

## *АКТИВНОСТИ НА МППС ЗА 2015 ГОДИНА*

**Прирачник за групна работа со жени жртви на семејно насислтво**




По две годишната имплементација на проектот „Емоционално јакнење на жените жртви на семејно насислство поддржан од Комерцијална банка, како и од добиентите позитивни резултатаи кои ги добивме со посветеноста и пристапот на психотерапевтите МППС и Комерцијална бака го подготвија прирачникот за групна работа со жени жртви на семејно насилство.

Овие позитивни резултати и овој прирачник се надеваме дека ќе послужи и имплементира во работата на организациите кои се бават со ова проблематика.

***Младиснка размена The Lycian Way II – Trekking and Debating во Турција***

МППС беше партнер на проектот за младинска мобилност ( Youth Mobility Project) од програмата Еразмус+, The Lycian Way II – Trekking and Debating, која ќе се одржа во Анталија, Турција во периодот од 14 - 27 Април, 2015 година. Проектот ебеше во организација на невладината организација Lycian Pathfinders Youth Group.

Главната цел на овој проект беше да се даде придонес и решавање на проблемот на недостаток на активно учество на младите во демократскиот живот, општествениот живот и во меѓукултурните активности и споделување на вредностите.

***СОЦИЈАЛНА ПРАВДА СЕГА!***

СОЦИЈАЛНА ПРАВДА СЕГА! е иницијатива на организации на граѓанското општество засегнати со растечките проблеми во сферата на социјалната правда во Република Македонија. Неа ја сочинуваат ЦИВИЛ – Центар за слобода, Хелсиншки комитет за човекови права и Македонска платформа против сиромаштија. Иницијативата е поддржана од Фондација Фридрих Еберт.

Активностите на иницијативата се состојат во јакнење на јавната свест и застапување на работничките права, синдикализмот, подобрување на легислативата за нивна заштита и нејзина доследна имплементација. Иницијативата СОЦИЈАЛНА ПРАВДА СЕГА! се залага и за заштитата на другите социјални и општествени категории како што се хонорарците, младите, стечајните работници, социјално загрозените и низа други социјални групи во општеството кои секојдневно се соочуваат со грубо кршење на нивните социјални права и со дискриминација од институциите на централно и локално ниво и работодавачите.

Првата активностите се случи во Штип, на 20 февруари, по повод Светскиот ден на социјалната правда каде што беа прикажани две проекции на снимени информативни и документарни прилози за социјалните права. При што беа организрани и низа на други настани во други градови во Македонија.

https://www.facebook.com/socijalna.pravda.drejtesi.sociale

Иницијативата е отворена за организации, граѓански групи и поединци кои се залагаат за социјална правда.



**LICK во Македонија- градење на капацитетите на оние кои работата со социјално исклучени млади лица**

Во периодот од 26-ти февруари до 4-ти март, МППС организираше тренинг курс за претставници на граѓанскиот сектор кои што работат во полето на социјална инклузија. На обуката присуствуваа 30 учесници, од 10 земји од ЕУ и соседите, а целта на тренинг курсот беше зајакнување на вештините за работа со социјално исклучени млади.

Проектот беше подржан од програмата Erasmus+ на Европската Унија, финансиран од Националната агенција за Европско образование и мобилност на Република Македонија.

Покрај главниот организатор, МППС, во обуката се вклучија и други 9 организации од Србија, Турција, Унгарија, Словачка, Австрија, Естонија, Бугарија, Полска и Грузија, кои користејќи ги методологијата и искуството на МППС и финанската помош од ЕУ, помагаат да се намали бројот на социјално исклучени млади во нивните држави.

Тренингот се одржа во Виница, поради големата социјална исклученост на младите во Источниот регион, што води до трајно иселување на цели генерации.



**Младинска размена International High 5: A Breeding Ground For Creativity**

Младинската размена се одржа во почетокот на јуни во општина Завониа, Полска. Млади луѓе од Македонија, Австрија и Полска беа активни во овој проект од Еразмус + програмата на ЕУ.

Млади беа пододелени на две групи: на театарот и "авантура"; театар група работеше на изведба на театарската престава "Љубов и омраза" која беше изведена на сцената на Центарот за култура на општината, група на "авантура" работеше во посета на локални училиште, и се дружеа и игри со деца и младинци од училиштата.



**Младинска размена Lighthouse+, во Трофаиач, Австрија**

Младински размени се одржа од 20. - 30. јули 2015 година во Трофаиач, Австрија каде што МППС беше партнер организација. 6 земји, 10 дена, 20 шатори и 48 креативни умови кои имаа неколку работилници и тоа музика , танц , уметност и спорт и пред сѐ, многу забава!



**Младинска рамзнеа After 70 years во Клафер, Австрија**

15 дена МППС со свои младинци и заедно со учесници од Грција, Турција, Австрија, Романија, Полска и Италија беа дел од оваа размена која е дел од Еразмус + програмата на ЕУ. За време на размената учесниците работеа во три групи и тоа: истражувачка група, театар група и културна група на тема 70 години по втората светска војна. На крај секоја од групите имаа завршна изведба и ги презентираа сите подготвени активности.

**Зајакнување на учество на луѓето кои се соочуваат со сиромаштија и социјална исклученост во внатрешната и надворешната работата на МППС**

МППС во 2014 година, започна да работи на системот на оценување на членство и поддршка(MASS). Со самото започнување на овој стратешки документ ние воедно заклучивме дека во моментот ние немаме луѓе кои се соочуваат со сиромаштија и социјална исклученост кои се директно вклучени во тела, ниту во работни групи за донесување одлуки. Единствената прилика да овие луѓе се видливи се годишните ПЕП конференции. МППС одлучи да се посвети оваа година во охрабрување на луѓе кои се соочуваат со сиромаштија и социјална исклученост да се вклучат во процесот на донесувањето одлуки и политики , како волонтери или активисти во проекти, да лобира или да учествуваат во активности за подигање на свеста за МППС. Крајната цел на овој проект е да се вклучат 5 луѓе со директно искуство на сиромаштијата во структурите и активностите на МППС.

Глани активности:

1. Реализација на 8 регионални средби со членките на МППС
3. Селекција и обука за јакнење на капацитетите за вклучување во МППС на сиромашни
4. Работни средби за креирање на неопходните документи
6. Вклучување на 5-те лица кои го поминаа процесот на зајакнување во рамките на мрежата:

членство во органите кои донесуваат одлуки - ИО и НО во работните групи/помошните тела на МППС - Етички комитет директна работа со МППС - во секретаријатот во проектните активности - младинска програма. На овој начин лицата ќе може директно да учествуваат во работата на МППС и истовремено да учат, но и да бидат гласот на МППС. Проектот започнува на 01.06.2015, а завршува на 31.12.2015 година.

**Европа 2020 / Европски семестар**

МППС во партнерство со Српската мрежа против сиромаштија во периодот од мај 2015 до декември 2015 ќе го реализира проектот Европа 2020 / Европски семестар.

Целта на овој проект е:

1. Да се зголеми видливоста на стратегијара за ЈИЕ 2020 и владините обврски на Србија и Македонија за остварување на целите на оваа стратегија и вклучување на различни засегнати страни и пошироката публика.
2. Да се подготви извештај во сенка за имплементацијата и достигнувањата на ЈИЕ стратегијата до 2020, кои ќе бидат широко распространети.
3. Да се иницира и стимулира јавната расправа за имплементација на стратегијата ЈИЕ 2020 и успех во постигнување на целите.

**Прв летен волонтерски камп на МППС**

Во месец Јуни, во Дојран МППС со 20 младинци организраше прв летен волонтерски камп. Кампот беше како дел од активностите за припрема на МППС за престојниот состанок во Брисел на тема младинска сиромаштија. За време од 7 дена беа организрани активности и дебати на тема младинска сиромаштија и преспективата на младите во Македонија исто така земавме и волонтерско учество на Д фестивалот во зоната за граѓански активизам и НВО маркетот. Како краен продукт се подготви видео кое беше презентирано на состанокот на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост во Брисел.



**Конференција на лицата кои живеат во сиромаштија и социјана исклученост „ Сите сме подеднакво важни“, 2015 година.**

Четвртата Конференцијата на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост „Сите сме подеднакво важни“ се одржа на 03.06.2015, плоштад Јадран, Скопје.

Конференцијата на отворено беше за прв пат организирана од страна на МППС, по примерот на ЕАПН, и на истата присуствуваа околу 300 лица кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост и преставници од членки на МППС и истата беше поддржана од Фондацијата Фридрих Еберт,

Главна цел на Конференцијата беше да се овозможи проблемите и потребите на лицата кои живеат во сиромаштија или се социјално исклучени да бидат лично презентирани од нивна страна. Истовремено, преку присуството на владини и невладини претставници се залагавме за демократска дебата која во суштина требаше да ни понуди решенија за поквалитетен живот за сите граѓани.

Конференцијата се одржуваше во три работни дела:

I работен дел- Отварањена конференцијата и ревидирање на Декларацијата на сиромашни и социјално исклучени лица донесена во 2013 година, која што беше пратена до Владата на Р.Македонија.

II работен дел- Работа во групи

Учесниците беа поделени и работеа во четири групи и тоа:

- Младинска сиромаштија
- Здраствена и социјална заштита
- Вработени, а сиромашни
- Достоинствена старост

Преку paбота во овие групи учесниците ги искажаа сите проблемите со кои секојдневно се соочуваат, причините за сиромаштијата но воедно за истите проблеми дадоа и решенијата за да се надминат истите. По средување на приоритетните проблеми се поставија и решенијата на истите и се надополнија во 4-тата Декларација на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост.




**Водич за активно граѓанство**

Во Јули 2015 година во Полска , 33 младински работници од 11 земји се собраа на заеднички простор за одржување на тренинг курс и воедно да истражуваат и споредат каква е состојбата со младите во ЕУ и соседните земји. Како краен резултат од оваа срдба произлезе и алтаката односно Водич за активно граѓанство.
Овој водич е комбинација од искуства и најдобри практики од сите организации кои беа дел од оваа средба (тренинг курс) за работата со младите луче и организациите кои работат со нив.
Овој водич во иднина треба да им помогне на организациите кои работата со млади да ги примената сите добри практики и сета креативност за подбра работа.
МППС со свои претставници од младинската програма беше дел од овој настан како и во придонесот во изработка на овој водич.

**Крени го гласот**

Младинската програма на МППС се вклучи во Blog Action Day 2015 кој има тема #RaiseYourVoice ... пишуваме гласно и протестираме против цензурата, заканите и насилството ...
Кликнете на #RaiseYourVoice и прочитајте ги сите постови на нашите младинци.

**Сиромаштијата е кршење на човековите права**

17-ти октомври е Светски ден за искоренување на сиромаштијата. Годинава тој се одбележува под мотото „Да ја градиме својата одржлива иднина и со заеднички напори на сите да се стави крај на сиромаштијата и на дискриминацијата“.

По тој повод го упатуваме отвореното писмо од ЕАПН (Европска плтформа против сиромаштија) до нашите одговорни институции и ги повикуваме да превземат конкретни активности за искоренување на сиромаштијата, согласно препораките дадени во него.

**ЕАПН ја предизвикува ЕУ да ги живее нејзините вредности и верувања - Отворено писмо**
Во пресрет на Меѓународниот ден за искоренување на сиромаштијата (17 октомври 2015 година) ЕАПН го испраќа ова отворено писмо до шефовите на држави и влади во Европската унија.

Започнувајќи во 1987 година, Меѓународниот ден за искоренување на сиромаштијата ги повикува државите да „претстават и промовираат конкретни активности во поглед на искоренување на сиромаштијата и бедата". Стратегијата Европа 2020 ги обврзува земјите членки да ги постигнат поставените цели за намалување на сиромаштијата. Новите Цели за одржлив развој на ОН ги обврзуваат владите да преземат акции со кои ќе се „стави крај на сиромаштијата".

Сега е време за ЕУ да остане доследна на сите овие обврски и да усвои сеопфатна и интегрирана стратегија за искоренување на сиромаштијата, која е изградена со и за луѓето кои се соочуваат со сиромаштија. Учеството на лица кои самите живеат во сиромаштија е во центарот на одбележувањето на овој Меѓународен ден уште од самиот почеток. Меѓународниот ден е можност да се истакнат огромните напори на милиони луѓе кои секој ден живеат во сиромаштија, а сепак наоѓаат енергија да придонесат кон решенијата кои може да стават крај на нивната сиромаштија, сиромаштијата на нивните семејства и заедници и да предлагаат политички решенија на сите нивоа. Луѓето кои живеат во сиромаштија не треба да добиваат признание за своето искуство само на 17 октомври, туку во сите дијалози и форуми преку кои се бараат решенија за надминување на сиромаштијата и за основните нееднаквости.

ЕУ, како еден од најбогатите региони во светот, треба да одигра клучна улога во борбата против сиромаштијата, во рамките на своите граници, но и надвор од нив. Тоа е неизбежно и покрај тековната огромна миграција и бегалска со кои е соочена денес Европа, а нејзините земји членки се ставени на тест.

Миграциската криза ги соединува постоечките серии на кризи со кои ЕУ се соочува во последните години, а кои се јавуваа како резултат на политиките кои и понатаму не ја почитуваат благосостојбата на луѓето и го влошуваат раширениот раст на нееднаквости. ЕАПН потсетува дека прво и основно е дека луѓето погодени од овие кризи се луѓе со исти потреби како нашите семејства и пријатели и треба да им се одговори на достоинствен начин. ЕАПН ја изразува својата солидарност со мигрантите кои очајно се обидуваат да влезат и да преживеат во Европа.

ЕАПН инсистира дека е неморално да се ставаат потребите на луѓето во очај, во конкуренција со потребите на оние кои живеат во сиромаштија. Наместо создавање на конкуренција помеѓу сиромашните, сега е време за решавање на нееднаквоста, спротивставување со неплаќањето на данок и даночните измами, оданочување на финансиски шпекулации, но така што богатството ќе се редистрибуира и при што ќе се исполнат потребите на сите луѓе кои живеат во сиромаштија. Ние мора да се бориме против сиромаштијата, а не да се бориме против сиромашните. Овие кризи резултираат со политички и хуманитарни кризи кои можат да се решат само ако Европа се придржува кон цвоите вредности и принципи содржани во нејзините Спогодби и во Меѓународните конвенции за човекови права.

Европа не може да замижува пред војни, конфликти, тортура и глад, а да не може да ја препознае својата улога во создавањето на овие конфликти, но и да не ја преземе својата одговорност за влијанијата и последици. ЕАПН со своите 31 национални мрежи и 18 европски организации, опфаќа повеќе од 6000 организации во Европската унија и пошироко, ги потсетува шефовите на државите и владите во Европската унија, дека: Сиромаштијата е кршење на човековите права и досега на свој грб ја осетиле 121 милион во ЕУ и нивниот број расте. ЕУ има одговорност брзо да одговори на оваа криза на сиромаштија со интегрирана стратегија која ја гледа социјалната политика како инвестиција, а не трошок и дека во комбинација со правичен данок/добивка системи може да резултира со намалување на сиромаштијата и нееднаквоста и да обезбеди сеопфатен и одржлив расте. Макроекономските политики мора да ги исполнат социјалните цели во служба на социјалното вклучување и кохезија. Целите и таргетите на Европа2020 мора да се вратат во срцето на клучните политички процеси на ниво на ЕУ, вклучувајќи го користењето на Европскиот семестар. Заедничките и ЕУ социјалните стандарди на високо ниво мора да напредуваат за да се обезбеди соодветен приход за сите во текот на животниот циклус, вклучувајќи го и усвојувањето на Рамковна директива на ЕУ за адекватни шеми на минимум приходи. Ефективна вклученост на граѓанското општество е од клучно значење, вклучувајќи го и учеството на луѓето кои се соочуваат со сиромаштија и нивните организации, во дизајн, имплементација и следење на политиките. Таквото ефективно учество бара соодветна и континуирана финансиска поддршка за работата на граѓанското општество.

**Годишно собрание на МППС-2015**

Македонската платформа против сиромаштијата, го одржа и редовното годишно собрание на 23.12.2015 година со почеток од 11.00 часот во хотел Порта, Скопје.

На редовното годишно собрание беа дискутирани прашања поврзани со работата на МППС и тоа:

1. Споделување на информации за активностите кои се преземени и кои треба да се преземат во наредниот период

2. Работа по официјалните документи на МППС

• Манифест и Етички кодекс

3. Усвојување за полноправни членки за 5 организации кои се прикличија кон МППС Здруженијата Јустиција , Минус и плус, Младински центар за еднакви можности, Профицио, Хуманост без граници како и 5 поединци

4. Избор и дополнување на органите на МППС

• Избор на Претседател на МППС

Нов претседател е Билјана Дуковска

• Дополнување на испразнетите места во ИО на МППС со нови членови

• Изборани се новите членови

Драган Димовски, Емилја Цветковска, Елена Јовановска

• Избор на секретаријат на МППС

Резибрано е Здружението Хуманост

## Презентирање на извештајот за следење на напредокот во спроведувањето на стратегијата за ЈИЕ 2020

Македонската платформа против сиромаштија организираше конференција за презентирање на Извештајот за следењена напредокот во имплементацијата и достигнувањатана на стратегијата за ЈИЕ 2020, која е дел од проектот Европа 2020/ Европски семстар.

Со овој Извештајот ги презентираме заложбите на нашата земја за имплементацијата и достигнувањата на ЈИЕ стратегијата до 2020, владините обврски за остварување на оваа стратегија, но исто така ќе иницираме и стимулираме јавна расправа за имплементација на стратегијата ЈИЕ 2020, ќе се залагаме за вклучување на различни засегнати страни и пошироката публика.

На конференцијата исто така се презентираше и Извештајот на Србија од страна на Српската мрежа против сиромаштија, кои беа партнери на МППС во реализирањето на проектот Европа2020/ Европски семестар.

**Настанот се одржа на 24 декември (четврток) 2015 година од 10.30 часот, во хотел Порта, Скопје.**

БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА МППС

во периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 година

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | I. РАСХОДИ<br>МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210 ) | | 656735 | 268058 |
| 1. | Потрошени материјали | 202 | 800 | 65671 |
| 2. | Потрошена енергија | 203 | | |
| 3. | Други услуги | 204 | | |
| 4. | Превозни - транспортни услуги | 205 | 649654 | 141381 |
| 5. | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | | 6281 | 56408 |
| 6. | Амортизација | 207 | | |
| 7. | Набавна вредност на продадените материјали, стоки и услуги | | | |
| 8. | Наемнини | 209 | | |
| 9. | Други материјални расходи | 210 | | 4598 |
| | ДРУГИ РАСХОДИ ( 212 до 221) | 211 | 820955 | 1553580 |
| 10. | Провизија за платниот промет | 212 | 11390 | 23695 |
| 11. | Камати на кредити и заеми | 213 | | 538 |
| 12. | Премии за осигурување | 214 | | |
| 13. | Дневници за службено патување и патни трошоци | 215 | | |
| 14. | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | | | |
| 15. | Негативни курсни разлики | 217 | 2745 | 5228 |
| 16. | Членарини | 218 | | 24678 |
| 17. | Други расходи | 219 | 766820 | 1170305 |
| 18. | Издатоци за меѓународна соработка | 220 | | |
| 19. | Пренесени средства | 221 | 40000 | 329136 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА<br><br>( 223 +224+225) | 222 | | |
| 20. | а) Средства за градежни објекти | 223 | | |
| 21. | б)Средства за опрема | 224 | | |
| 22. | в)Други капитални средства | 225 | | |
| | ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ<br><br>(227+ 228 +229) | 226 | | |
| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | И з н о с | |
| | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 23. | а) Помошти, донации и други давања на правни субјекти | [illegible] | | |
| 24. | б) Надомести и помошти на физички лица | 228 | | |
| 25. | в) Други помошти и давања | 229 | | |
| | ПЛАТИ И НАДОМЕСТ НА ПЛАТИ<br><br>(231 + 232) | 230 | | |
| 26. | а) Вкалкулирани плати | 231 | | |
| 27. | б) Вкалкулирани надомести | 232 | | |
| 28. | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | | | |
| 29. | Вонредни расходи | 234 | | |
| | ВКУПНО РАСХОДИ | 235 | 1477690 | 1821638 |
| 30. | Остварен вишок на приходи- -добивка пред оданочување (250 минус 235 )ако 250 >235 | 236 | 703001 | 278319 |
| 31. | Даноци, придонеси и други давачки од добивката | 237 | 10013 | 10947 |
| 32. | Остварен нето вишок - добивка по оданочувањето ( 236 минус 237) | | 692988 | 267372 |
| 33. | Вкупно ( 235 + 236) или ( 235 + 237) ако 237 е поголемо од 236 = 252 | [illegible] | 2180691 | 2099957 |
| | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242) | 240 | | |
| 34. | Приходи од продажбата на производи и стоки | | | |
| 35. | Приходи од услуги | 242 | | |
| 36. | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 243 | 17 | 148 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 37. | Приходи од членарини, подароци, [illegible] | [illegible] | 1762184 | 1406821 |
| 38. | Приходи од кирии и закупнини | 245 | | |
| 39. | Сопствени приходи | 246 | | |
| 40. | Други приходи | 247 | 392596 | |
| 41. | Пренесен дел од вишокот на приходите од предходна година | 248 | 25894 | 692988 |
| 42. | Вонредни приходи | 249 | | |
| | ВКУПНО ПРИХОДИ [illegible] | 250 | 2180691 | 2099957 |
| 43. | Непокриени расходи (235 минус 250) | 251 | | |
| | **ВКУПНО (250 + 251) = 239** | **252** | **2180691** | **2099957** |